РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 09 - 873/2
15.05 2024 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија
ОПШТИНА БУТЕЛ – СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Ул. Бутелска бб. 1000, Скопје, Македонија

# Записник

Од спроведениот практичен испит за инспектор

Врз основа на член 43 од Законот за Инспекциски надзор, („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 102/2019), а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 238/2019), на ден 15.05.2024 година со почеток во 11 часот во службената просторија на Општина Бутел, пред комисија за полагање на практичниот испит за инспектор, формирана од Градоначалникот на Општина Бутел со Арх. Бр. 09-873 од 15.05.2024 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

**Комисијата е во состав:**

- **Игор Никоски,** Раководител на Сектор за инспекциски работи при Општина Кисела Вода, ментор на кандидатот инспектор.

- **Билјана Тренчовска,** Советник општински инспектор за животна средина при Општина Кисела Вода.

- **Зоран Евроски,** Советник општински просветен инспектор при Општина Кисела Вода.

- **Влатко Серафимов,** член од областа на животната средина и заштита ма здравјето на луѓето, номиниран член од Инспекциски Совет.

Кандидатот за полагање на практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Томе Јосимовски на работно место Советник инспектор – Овластен инспектор за животна средина во Одделението за инспекциски работи во Општина Бутел.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испит за стекнување на лиценца за инспектор каде кандидатот Томе Јосимовски изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затварање и

Ул. Бутелска бб. 1000, Скопје, Македонија

документирање на инспекциски надзор. Кандидатот презентираше и вонреден Инспекциски надзор.

По презентирањето на симулиран инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Томе Јосимовски, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- **Планирање и подготовка на инспекциски надзор -** 15 бода.
- **Спроведување на инспекциски надзор -** 30 бода.
- **Затварање на инспекциски надзор -** 30 бода.
- **Документирање на инспекциски надзор -** 15 бода.

Комисијата констатира дека кандидатот Томе Јосимовски го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени ___________ бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време со почеток во 11 часот, на ден 15.05.2024 година.

Завршување во 13 30 часот на ден 15.05.2024 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испитот за инспектор

**Игор Никоски** ______________,

**Билјана Тренчовска** ______________,

**Зоран Евроски** ______________ и

**Влатко Серафимов** ______________.